European Union Kosovo

SHAR MOUNTAIN
NATURE & CULTURE



# Призренска тврдина

Призренската тврдина е утврдување на врв на рид, кој гледа кон реката која тече низ градот.
Местото на тврдината, сведочи за живеалиште кое се употребувало уште од бронзено време (околу 2000 година). Во доцната антика тврдината била дел од одбранбениот систем на утврдувања и била реконструирана во ерата на Јустинијан, императорот на источното Римско Царство. Византиското владеење во регионот завршило во 1219-20 година, бидејќи српската династија Немањиќ ја контролирала тврдината сè до 1371 година. Од 1371 година, низа регионални феудални владетели го контролирале Призрен и неговата тврдин, како што се Балша, Дукаѓин, Хребељановиќ и конечно Бранковиќ. Османлиската империја превзела директна контрола по 1450 година и со текот на времето ја претворила тврдината во централно упориште на регионот. Голем дел од модерната тврдина датира од фазата на реконструкцијата направена во 18-ти век.

Тврдината се наоѓа на еден доминантен рид на источниот дел на градот Призрен, поставена на стратешка позиција, контурирана со линии што ги следат специфичните карактеристики на природната морфологија на теренот. Археолошки ископувања биле извршени во 1969 година, а потоа повторно во 2004 и 2009 - 2011 година.
Тие резултираа во откривање на инфраструктура, која вклучува бедемски ѕидови зајакнати со кули, киземати, ходници лавиринти, складишта и други придружни внатрешни простории и престојувалишта. Тврдината е прогласен за споменик на културата од исклучително значење во 1948 година.

**Тврдината може да се посети како дел од Старата Трговска Патека**

*Оваа публикација е изработена со помош на Европската Унија, во рамките на проектот „Поддршка на регионалниот туристички потенцијал", Договор за грант бр. 2018 / 396-513. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на спроведувачките организации и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.*

*Спроведен од*

ALKA BALKANIA